# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- *Овој лек е достапен без рецепт, се применува за отстранување на симптомите на болеста без помош од страна на Вашиот доктор.*
- *Лекот треба внимателно да го користите за да добиете најдобри резултати од терапијата.*
- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*
- *Доколку симптомите на Вашата болест се влошат мора веднаш да го информирате Вашиот доктор.*
- *Ако забележите сериозно несакано дејство или било кое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме кажете му на Вашиот доктор.*

**Упатството содржи:**


*1. Што претставува лекот Ambroksol и за што се употребува*
*2.Што мора да знаете, пред да го употребите лекот Ambroksol*
*3.Како да го употребувате лекот Ambroksol*
*4. Можни несакани дејства на лекот Ambroksol*
*5.Чување и рок на употреба на лекот Ambroksol*
*6.Дополнителни информации*


## AMBROKSOL / АМБРОКСОЛ шумливи таблети 30 mg
## AMBROKSOL / АМБРОКСОЛ шумливи таблети 60 mg

ambroxol

*Активна супстанца:* амброксол хидрохлорид.

*Помошни супстанции:*
*AMBROKSOL шумливи таблети 30 mg:* безводен натриум дихидрогенцитрат, натриум хидрогенкарбонат, повидон К-25, сахарин натриум, аспартам, безводен натриум сулфат, натриум цикламат, безводна лимунска киселина, лактоза монохидрат, Zitronearoma 502336, Tetraroma Lemon 987323, макрогол 6000.

*AMBROKSOL шумливи таблети 60 mg:* безводен натриум дихидрогенцитрат, натриум хидрогенкарбонат, повидон К-25, сахарин натриум, аспартам, безводен натриум сулфат, натриум цикламат, безводна лимунска киселина, лактоза монохидрат, Zitronearoma 502336, Tetraroma Lemon 987323, манитол, макрогол 6000.

**Состав:**
Една шумлива таблета содржи:
амброксол хидрохлорид 30 mg или 60 mg.

**Производител**
HEMOFARM A.D., ул. Београдски пут бб, Вршац, Р.Србија

**Носител на решението за промет**
ХЕМОФАРМ А.Д. ФАРМАЦЕВТСКО - ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА ПРЕТСТАВНИШТВО СКОПЈЕ
ул. Иво Лола Рибар 39/1-1, Скопје, Р.Македонија

**Начин на издавање**
Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР).

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА AMBROKSOL И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Ambroksol содржи активна супстанца амброксол која припаѓа на групата лекови познати како муколитици, односно лекови за искашлување. Се користи кај различни заболувања на дишните органи кои се следени со зголемено создавање и отежнато искашлување на секретот.

**Фармацевтска дозирана форма**
Шумлива таблета.

**Пакување**
*AMBROKSOL шумливи таблети 30 mg*
Кутија со 20 шумливи таблети од 30 mg.

*AMBROKSOL шумливи таблети 60 mg*
Кутија 10 шумливи таблети од 60 mg.

**Како дејствува лекот Ambroksol**
Ambroksol е муколитик кој го разводенува вискозниот секрет во дишните патишта, ја забрзува елиминацијата на насобраниот секрет и го олеснува искашлувањето.

**Кога се употребува лекот Ambroksol**
Ambroksol се користи во терапија на акутни и хронични заболувања на дишните органи, кои се проследени со зголемено создавање и отежнато искашлување на бронхијалниот секрет (на пр. акутен и хроничен бронхитис, хронична белодробна опструктивна болест, бронхиектазии, астма, воспаление на белите дробови, воспаление на грлото и синусите).

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ЛЕКОТ AMBROKSOL

*Предупредете го Вашиот доктор ако земате други лекови, имате некоја хронична болест, некое пореметување на метаболизмот, преосетливи сте на некои лекови или сте имале алергиска реакција на некои од нив.*

**Кога да не употребувате Ambroksol**
Немојте да го земате овој лек во доколку сте преосетливи (алергични) на амброксол или на некоја од помошните состојки на лекот (видете го составот).

**Бидете посебно претпазливи ако го употребувате Ambroksol**
Предупредете го Вашиот доктор ако:

- имате некое заболување на црниот дроб или бубрезите;
- сте бремени или доите;
- имате чир на желудникот или дванаесетпалачното црево;
- имате некое од ретките заболувања на дишните патишта проследено со прекумерно лачење на секрет или оштетување на мукоцилијарниот бронхијален апарат кој ја потпомага елиминацијата на насобраниот секрет;
- боледувате од фенилкетонурија;
- имате интолеранција на некои од шеќерите;
- сте на контролирана натриумска диета.

**Употреба со храна и пијалоци**
Ambroksol шумливите таблети треба да се земаат после оброк.
Дејството на Ambroksol на разводенување на секретот се подобрува со внесување на течности.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Не се препорачува примена на Ambroksol во тек на бременост, особено не во првиот триместар.
Ambroksol преминува во млекото на доилките, поради тоа не се препорачува неговата примена во тек на доење, освен ако Вашиот доктор не процени дека тоа е неопходно.

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
Нема податоци за влијанието на препаратот Ambroksol врз психофизичките способности.

**Важни информации за помошните супстанции кои ги содржи лекот Ambroksol**
Аспартам, кој се наоѓа како помошна супстанца во шумливите таблети, претставува извор на фенилаланин, поради тоа може да биде штетен кај лицата со фенилкетонурија.
Поради присуството на лактоза, како помошна супстанца во препаратот, во случај на интолеранција на некој од шеќерите, обратете се кај Вашиот лекар пред да го употребите овој лек.

Поради присуство на поголеми количини на натриум во шумливите таблети, се советува посебна претпазливост доколку сте на контролирана натриумска диета.

**Употреба на други лекови**
*Овие информации се однесуваат и на лекови кои сте ги примале во минатото како и на лекови кои планирате да ги земате во иднина. Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако до неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт. Ова е од голема важност бидејќи истовремената терапија со повеќе лекови може да го ослаби или засили нивното дејство.*

Известете го Вашиот доктор доколку земате некој од следните лекови:

- други лекови за искашлување;
- некој од следните антибиотици: амоксицилин, цефуроксим, еритромицин.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ AMBROKSOL

*Доколку мислите дека лекот Ambroksol прејако или преслабо дејствува на Вашиот организам, обратете се на Вашиот доктор или фармацевт.*

***Препорачано дозирање:***

***Деца на возраст од 6 до 12 години:*** два до три пати дневно по 15 mg, што одговара на 30-45 mg на ден амброксол хидрохлорид.

***Возрасни и деца на возраст над 12 години:*** во тек на првите 2-3 дена да се зема 3 пати дневно по 30 mg амброксол хидрохлорид, а потоа 2 пати дневно по 30 mg амброксол хидрохлорид.

***Начин на примена:*** Ambroksol шумливите таблети се земаат после јадење, растворени во чаша вода.
Дејството на Ambroksol на разводенување на секретот се подобрува со внесување на течности.

***Времетраење на терапијата:*** Времетраењето на терапијата е индивидуално и зависи од видот и тежината на заболувањето. Терапијата не би требало да трае подолго од 5-7 дена. Доколку симптомите се влошат неопходно е да се консултира лекар.

**Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што е потребно**
*Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што треба, или ако некој друг случајно го зел Вашиот лек треба веднаш да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт или да се обретите во најблиската здравствена институција.*

**Ако сте заборавиле да го земете лекот**
*Никогаш не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза!*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Воколку сте прескокнале да ја земете дозата од лекот, земете ја колку што е можно побрзо. Меѓутоа, воколку се наближува времето за земање на следната доза, продолжете со земањето на лекот, според препорачаниот режим на дозирање.

**Ако прекинете да го земете лекот:**
Нема да Ви се јават промени доколку нагло ја прекинете терапијата со препаратот Ambroksol.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови и Ambroksol може да има несакани дејства кај некои пациенти.*

Ретко се јавуваат алергиски реакции, после примена на Ambroksol. Алергија може да се јави во вид на свраб и кожен осип, отекување на лицето, отежнато дишење, зголемување на телесната температура со треска.
*Ако забележите некој од наведените симптоми на алергија, прекинете со земањето на лекот и обратете се веднаш кај Вашиот доктор!*

Од несаканите дејства врз органите за варење најчесто може да се јават мачнина и стомачни болки.
Ретко може да се јават сувост во устата, зголемено излачување на плунка, зголемена секреција во носот, опстипација и отежнато мокрење.
Сорбитол и глицерол, како помошни супстанции во препаратот, можат да предизвикаат лаксантивен ефект.

*Ако забележите појава на несакано дејство кое што не наведено во внатрешното упатство обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА ЛЕКОТ

Лекот треба да се чува на температура до 25°C, во оригиналното пакување со цел да се заштити од влага.
***Лекот да се чува на места недостапни за деца!***

**Рок на употреба**
2 години.
*Лекот не смее да се употребува после истекот на датумот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено...*